**Известување за обработка на лични податоци за прашања поврзани со медицински информации**

Берлин-Хеми / А. Менарини Македонија ДООЕЛ, ул. Методија Шаторов Шарло бр. 1/2-15, Скопје – Кисела Вода (во понатамошниот текст „Berlin-Chemie“ или „Контролор“).

Лице за заштита на личните податоци на Компанијата („DPO“) можете да го контактирате преку е-пошта: dpo.macedonia@berlin-chemie.com.

**Цел на ова известување за обработка на податоци**

Берлин-Хеми го почитува Вашето право на приватност и со Вашите лични податоци постапува во согласност со применливите закони и прописи, вклучувајќи ја Европската Општа Уредба за Заштита на Податоци („GDPR“) и македонскиот Закон за заштита на лични податоци („Законот“). Ова известување за приватност е наменето за здравствени работници, пациенти, потрошувачи, како и за други лица кои ни се обраќаат со прашања поврзани со медицински информации, и објаснува кој сме ние, како ги собираме и обработуваме Вашите лични податоци за медицински цели и како можете да ги остварите Вашите права на приватност. Доколку имате какви било прашања или недоумици во врска со нашата употреба на Вашите лични податоци, контактирајте не користејќи ги горенаведените контакт информации.

Сврзани сме со A. Menarini Industrie Farmaceutiche Riunite S.r.l (главна канцеларија), Via Sette Santi 1/3, 50131 Фиренца, Италија, која исто така може да биде вклучена во собирање и обработка на лични податоци.

**Кои лични податоци ги собира Берлин-Хеми при обработка на прашања поврзани со медицински информации и со која цел?**

Доколку здравствените работници ни се обратат со медицински прашања, можеме да собираме име, презиме, иницијали, датум/година на раѓање, пол, контакт податоци и професија на лицето, како и титула, име, презиме, деловна адреса, област на дејност или позиција, ниво на стручност во одредена дијагностичка или терапевтска област. Можеме да собираме и податоци за здравјето или податоци поврзани со медицинската историја на лицето што ни го доставува прашањето, доколку тие се релевантни за разбирање, обработка и точен одговор на даденото прашање. Овие податоци ги собирани за да одговориме на Вашето прашање и да ги чуваме Вашите лични податоци во нашата база на медицински информации за идна употреба. Според закон, можеме да бидеме обврзани да ги пријавиме Вашите податоци на регулаторните органи, во мерка во која Вашето прашање е поврзано со несакан настан.

**Правна основа за обработка на лични податоци во врска со медицинските прашања**

Вашите лични податоци ги обработуваме врз основа на нашите легитимни интереси (член 6 став 1 точка (ф) од GDPR, односно член 10 став 1 точка (6) од Законот) за да одговориме на вашите прашања и да ја чуваме базата на медицински информации за идни одговори. Доколку сте пациент и имате прашања поврзани со здравјето, можеме да ги обработуваме вашите здравствени податоци врз основа на вашата изрична согласност дадена преку е-пошта (членови 6 став 1 точка (а) и 9 став 2 точка (а) од GDPR, односно членови 10 став 1 точка (1) и 13 став 2 точка (1) од Законот).

Покрај тоа, согласно закон, може да ни биде побарано (на пр. фармаковигиланција и безбедност на лекови) да ги пријавиме вашите податоци на регулаторните органи, односно на Агенцијата за лекови и медицински средства на Северна Македонија. Во таквите случаи, правната основа за обработка се членови 6 став 1 точка (в) и 9 став 2 точка (и) од GDPR, односно членови 10 став 1 точка (3) и 13 став 2 точка (9) од Законот.

**Примачи на лични податоци, пренос на податоци во трети земји**

Овластени вработени во Берлин-Хеми ги примаат Вашите податоци за обработка за горенаведените цели. Соработуваме со даватели на услуги. Овие даватели на услуги ги обработуваат Вашите податоци во наше име, согласно нашите упатства и под наш надзор, исклучиво за целите опишани во ова Информативно известување.

Доколку побарате медицински информации преку нашата веб-страница, Вашите лични податоци се пренесуваат во BERLIN-CHEMIE AG, Glienicker Weg 125, Берлин, Германија, каде што се наоѓа серверот на веб-страницата на нашата компанија.

Ако Вашето прашање е поврзано со несакан настан, Вашите лични податоци ги откриваме на Агенцијата за лекови и медицински средства на Северна Македонија.

Исто така, ги откриваме Вашите лични податоци на поврзаната компанија Berlin-Chemie A. Menarini Industrie Farmaceutiche Riunite S.r.l (главна канцеларија), Via Sette Santi 1/3, 50131 Фиренца, Италија, кога ни е потребна помош во врска со одговорот (на пример, ако Вашето прашање се однесува на глобални или корпоративни производи).

Ќе преземеме сите неопходни мерки за да обезбедиме податоците што ни ги давате да бидат соодветно заштитени согласно барањата на законодавството на Европската Унија за заштита на податоци, односно на законодавството на Северна Македонија за заштита на податоци.

Каде што е потребно, обезбедуваме законски соодветно ниво на заштита на податоците преку стандардни договорни клаузули на ЕУ, односно стандардни договорни клаузули донесени од страна на Агенцијата за заштита на лични податоци.

**Период на чување на податоците**

Во принцип, Вашите податоци ги чуваме толку долго колку што е потребно за да се одговори на Вашите прашања или додека постои легитимен интерес. Доколку податоците повеќе не се потребни за исполнување на овој последен, ќе бидат избришани. Постојат исклучоци, на пр., ако треба да се исполнат законски обврски за чување или за зачувување на докази во рамки на законскиот рок на застара. За потребите на прашања за медицински информации, личните податоци може да се чуваат 10 години од датумот кога го контактирате Берлин-Хеми со прашање.

**Безбедност на податоците**

Користиме технички и организациски безбедносни мерки за да ги заштитиме Вашите лични податоци од злоупотреба, губење, уништување или пристап на неовластени лица. Нашите безбедносни мерки одговараат на сегашното ниво на технологија.

**Ваши права**

Во секое време имате право да побарате информации за Вашите податоци што ги чuваме. Покрај тоа, имате право да побарате корекција на неточни податоци или, согласно законските одредби, бришење, блокирање и ограничување на обработката и преносот на Вашите податоци. Исто така,

имате право на приговор против обработката на Вашите податоци врз основа на нашиот легитимен интерес во секое време. Доколку ни дадовте согласност, можете да ја повлечете во било кој момент, со важност од тој момент понатаму. Ве молиме контактирајте го нашето лице за заштита на податоци на dpo.macedonia@berlin-chemie.com.

Покрај тоа, имате право да поднесете жалба до надлежниот орган, односно Агенцијата за заштита на лични податоци, Булевар Гоце Делчев број 18, (зграда на Македонската радио-телевизија MRTV – кат 14), 1000 Скопје, телефон: +389 (2) 3230 635, е-маил: info@privacy.mk.

**Обврска за давање податоци**

Не постои законска ниту договорна обврска да ги доставите Вашите лични податоци, ниту тоа е услов за склучување договор. Сепак, доколку Вашето прашање се однесува на несакан настан, согласно законот можеме да бидеме обврзани да ги доставиме Вашите податоци до Агенцијата за лекови и медицински средства на Северна Македонија.